


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 68,
МЕСЕЦ АПРИЛ 2025

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ДАБНИШТЕ. ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ ИЗНЕСУВА 10 402 714 ДЕНАРИ, ОД КОИ 3 000 000 ДЕНАРИ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, А ОСТАНАТИОТ ИЗНОС ОД 7 402 714 ДЕНАРИ, Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА РМК ГРАДБА ОД СТУДЕНИЧАНИ.



ЗАВРШЕНО Е ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА ТРОТАРИ НА УЛИЦИТЕ: „11 БРИГАДА“ „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ“ „ПОЛОШКА“ И „ПРАВЕДНИЧКА“ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ОТКАКО БЕА ПОПЛОЧЕНИ ТРОТОАРИТЕ НА УЛИЦА „ШИШКА“, МОЈ ОПШТИНАР ВО СОРАБОТКА СО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВ ДРВОРЕД, КОЈ ГО СОЧИНУВААТ 50 ДРВЈА – ЈАВОРИ КОИ НЕ САМО ШТО ЌЕ ГО РАЗУБАВАТ ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ И ЌЕ ВНЕСАТ СВЕЖИНА, ТУКУ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ И ЗА ПОПРИЈАТНА ОКОЛИНА ЗА СИТЕ НАС.







ПОРАДИ ДОЛГОГОДИШЕН ПРОБЛЕМ СО КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА КОЈА ПОМИНУВА ПРЕКУ ДВОРНОТО МЕСТО НА ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ И ПРИ ТОА Е ВО ЛОША СОСТОЈБА, Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ПРИСТАПИЈА КОН ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 60 СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф250.
ИНВЕСТИЦИЈА И ИЗГРАДБА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАН Е ПАТОТ РЕСАВА – ДАБНИШТЕ

ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД СЕ ВРШЕШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ШТО ВОДИ КОН СЕЛО ДАБНИШТЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 3300МЕТРИ И НА ПОВРШИНА ОД 13.400М2, КОЈА ОПФАЌАШЕ КОМПЛЕТНО ВАДЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕВАСТИ ПРОПУСТИ, ТАМПОНИРАЊЕ И КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ.

ИНВЕСТИЦИЈА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВИСИНА ОД 25.200.000,00 ДЕНАРИ СО ДДВ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИОТ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ПО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА, КОНКРЕТНО ВО СЕЛО МАРЕНА, КОЈ БЕШЕ ОШТЕТЕН ОД ПОРОЈНИТЕ ДОЖДОВИ ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД.

СЕ РАБОТЕШЕ СО МЕХАНИЗАЦИЈА- ДОНАЦИЈА ОД ФИРМИТЕ ГРАДБА ПРОМЕТ И ЈА-МИ.



ПРОДОЛЖУВА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „СОСТОЈБАТА НА ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС, НУТРИТИВНИОТ СТАТУС И СТАТУСОТ НА СТАПАЛАТА КАЈ ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ“ ВО СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“-СКОПЈЕ, ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ. ДЕНЕС ВО О.О.У „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ КАДЕ НА ОКОЛУ 130 УЧЕНИЦИ ОД ВТОРО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ СЕ ВРШЕ МЕРЕЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ (ОТКРИВАЊЕ НА ТЕЛЕСНИ ДЕФОРМИТЕТИ).

ВО ПРОЕКТОТ ЌЕ БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВКУПНО 1460 УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИНТЕНЗИВНО РАБОТИ ВО КОМУНАЛНОТО УРЕДУВАЊЕ НА НАШИОТ ГРАД. СЕ РАБОТИ ВО СЕЛО СОПОТ НА КОМПЛЕТНО НОВА РЕШЕТКА ЗА ЗАШТИТА ОД АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОВАА МЕСНА ЗАЕДНИЦА. ПАРАЛЕЛНО СЕ РАБОТИ И НА УЛ. „КИРО КРСТЕВ", КАДЕ Е ОШТЕТЕНА ВАКВАТА РЕШЕТКА И ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНА КОМПЛЕТНО НОВА, ДОДЕКА ГРАДЕЖНАТА ГРУПА РАБОТИ И НА САНИРАЊЕ НА ОШТЕТЕНИ ШАХТИ НА УЛИЦИТЕ.





НА УЛ. ШИШКА ВО СТАРАТА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЈП КОМУНАЛЕЦ ПРИСТАПИ КОН РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 100М Ф63, СО ЦЕЛ ДА БИДЕ РЕШЕН ПРОБЛЕМОТ НА ПОВЕЌЕТО ПРАВНИ СУБЈЕКТИ НА ОВАА ЛОКАЦИЈА КОИ ИМАА ПРОБЛЕМ СО ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА И ИСТАТА БЕШЕ СО НЕЗАДОВОЛУВАЧКИ ДИЈАМЕТАР.

ИНВЕСТИЦИЈА И ИЗВЕДБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





ПРОШИРУВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА ШИШКА ВО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ И НА ПОВРШИНА ОД 4000 М2. ПОСТАВЕНИ СЕ НОВИ ТРОТОАРИ И ОСВЕТЛУВАЊЕ, КАКО И ДРОВОРЕД СО 50 ЈАВОРИ.

ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 12.000.000,00 ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ВО СЕЛО КУМАНИЧЕВО КОИ ОПФАЌААТ ПОСТАВУВАЊЕ НА ГРАДСКИ РЕЗЕРВОАРИ ЗА ВОДА, ПРИ ШТО ИСТИТЕ ОД ДЕНЕС СЕ БЕТОНИРАНИ И ЌЕ БИДАТ СО КОМПЛЕТНО НОВИ ИНСТАЛАЦИИ И ПЛАТФОРМИ. СО ОВА ЌЕ БИДЕ РЕШЕН ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО ОВИЕ РУРАЛНИ СРЕДИНИ.

ИНВЕСТИЦИЈА И ИЗВЕДБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА.





ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ИМААТ ВИКЕНДИЦИ НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО, ВО МЕСНОСТА ВИКАНА ГОЛЕШ 2 СЕ РАБОТИ НА ПРОЧИСТУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИ ПАТ ОД СЕЛО ШЕШКОВО ДО ГОЛЕШ 2, ВО ДОЛЖИНА ОД 3000 МЕТРИ.

МЕХАНИЗАЦИЈА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СКЛОП НА ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ЛОКАЛНИ И ПОЛСКИ ПАТИШТА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





ЦВЕЌАРАТА КОЈА Е ВО СОПСТВЕНОСТ НА Ј.П КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ ОДРЕДЕН ПЕРИОД ПРОИЗВЕДУВА СОПСТВЕНО ЦВЕЌЕ КОЕ Е НАМЕНЕТО ЗА ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДОТ.

ПРОЛЕТНАТА СЕИДБА КОЈА ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ВО РАЗУБАВУВАЊЕ НА НАШЕТО КАВАДАРЦИ СЕ СОСТОИ ОД:

ДИВ КОСТЕН, КАНАДСКА ТОПОЛА, ЈАВОР АСЕГ,КОПРИВКА,КАТАЛПА,ЧЕМПРЕС,ЕВОНИМУС РЕЗНИЦИ, ЈУНОПЕРУС РЕЗНИЦИ,ТУЈА И ЛОНИЦЕРА РЕЗНИЦИ,БЕГОНИЈА,БОНБОНКА,ХРИЗАНТЕМА И ПЕТУНИЈА.

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА РАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГРАДОТ.





ПРОЛЕТТА ВО КАВАДАРЦИ НОСИ ПОСЕБНА МАГИЈА!

ГРАДОТ БЛЕСКА ВО БОИ, РАСЦУТЕН ВО МИРИСИ. ПЛОШТАДОТ, ПАРКОВИТЕ И УЛИЦИТЕ СЕ ПРЕПОЛНИ СО ЖИВОТ, ИСПОЛНЕТИ СО ВЕСЕЛ ДЕТСКИ ЏАГОР И СПОКОЈНА АТМОСФЕРА. ФОНТАНИТЕ И ЗЕЛЕНИЛОТО СОЗДАВААТ ВИСТИНСКИ РАЈ ЗА ПРОШЕТКИ И УЖИВАЊЕ. ПРОЛЕТТА ЈА БУДИ ДУШАТА НА КАВАДАРЦИ, НОСЕЈЌИ РАДОСТ И СВЕЖИНА ВО СЕКОЈ АГОЛ.









# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ






НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ И СЕЛАТА РЕСАВА И БЕГНИШТЕ
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА НАДЗЕМНА МРЕЖА НА ВЛЕЗ НА С.БЕГНИШТЕ, 3 ДРВЕНИ СТОЛБА И 3 СВЕТИЛКИ, ВЛЕЗ НА С.РЕСАВА, 5 СТОЛБА И 5 СВЕТИЛКИ И ПАТ КОН МОКЛИШТЕ, ПРИКЛУЧЕНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
10 СВЕТИЛКИ ПОСТАВЕНИ НА 10 ДРВЕНИ СТОЛБОВИ!

ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА УЛИЦА „8 СЕПТЕМВРИ".
АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „8 СЕПТЕМВРИ" НА ПОВРШИНА ОД 2500М2 ОТКАКО ПРЕТХОДНО ИСТАТА СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ И ОПФАЌАШЕ ПРОМЕНА НА РАБНИЦИ, ПРОМЕНА НА БЕХАТОН ЕЛЕМЕНТИ НА ТРОТОАР, ВАДЕЊЕ НА СТАР АСФАЛТ И ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ИСТАТА ВО ДВА СЛОЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА НОВИОТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „ШИШКА"
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

САНАЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО СЕЛО ШЕШКОВО, СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМПУПРАВА ПО ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА.





РЕДОВНО СЕ САНИРААТ СИТЕ ПРОКОПИ ВО УРБАНИТЕ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ.
ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СЕ РАБОТИ НА САНИРАЊЕ ОДНОСНО АСФАЛТИРАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРОКОПИ НАПРАВЕНИ ПРИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА.







ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРНА КОНСТРУКЦИЈА И КРАК НА УЛ. „ЃОРЃИ СОКОЛОВ", ВО ДОЛЖИНА ОД 110 МЕТРИ И ПОВРШИНА ОД 750М2, ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДЕКАДА И СТРАТЕГИЈА НА РОМИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 2.320.000 ДЕНАРИ ОД КОИ 1.122.811 СЕ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ, А ОСТАНАТИТЕ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА МУЛЧИРАЊЕТО НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ КАВАДАРЦИ - МОКЛИШТЕ, ОДНОСНО ЧИСТЕЊЕ НА ВЕГЕТАЦИЈАТА СО ШТО ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРИ БЕЗБЕДНОСТА И ПРЕГЛЕДНОСТА ПРИ СООБРАЌАЈОТ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ОВАА АКЦИЈА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ.
МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА.

ЗАВРШЕНО Е ПОПЛОЧУВАЊЕТО ВО СЕЛО ЧЕМЕРСКО НА ПОВРШИНА ОД 250М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.









РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ДО СЕЛО ЧЕМЕРСКО!
ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО СЕЛО ЧЕМЕРСКО ВО ДОЛЖИНА ОД 830 МЕТРИ И ИСТАТА ОПФАЌА ЦЕЛОСНО ВАДЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ НА ПАТОТ, БАНКИНИ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ИСТИОТ, СО ШТО ЌЕ БИДЕ И ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАН НА ПОВРШИНА ОД 4500М2.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 8.800.000 ДЕНАРИ, ИНВЕСТИЦИЈА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНА КОНСТРУКЦИЈА И КРАК НА УЛ. „ЃОРЃИ СОКОЛОВ“, ВО ДОЛЖИНА ОД 110 МЕТРИ И ПОВРШИНА ОД 750М2, ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДЕКАДА И СТРАТЕГИЈА НА РОМИТЕ ЗА 2024 ГОДИНА.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 2.320.000 ДЕНАРИ ОД КОИ 1.122.811 СЕ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ, А ОСТАНАТИТЕ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПЛАНОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ИЗРАБОТЕН СО ЦЕЛ УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР НА УЛ. „7 СЕПТЕМВРИ"ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПРОЛЕТНО МУЛЧИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ!

МУЛЧИРАЊЕ НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ МАРЕНА -СОПОТ, ОДНОСНО ЧИСТЕЊЕ НА ВЕГЕТАЦИЈАТА СО ШТО ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРИ БЕЗБЕДНОСТА И ПРЕГЛЕДНОСТА ПРИ СООБРАЌАЈОТ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ОВАА АКЦИЈА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ.

МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

СЕ РАБОТЕШЕ НА ПРОЧИСТУВАЊЕТО, САНАЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТОТ ДО СЕЛО ПРАВЕДНИК КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛНИ ПОЛСКИ ПАТИШТА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.

ОВАА АКЦИЈА СЕ ОДВИВА СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕНОВИВЕ СЕ РАБОТЕШЕ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦА И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ВО СЕЛО БОХУЛА, КАКО ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА НЕКОЛКУ СЕЛА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ПРОКОПИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО КАВАДАРЦИ СО ШТО ЌЕ БИДАТ САНИРАНИ ОШТЕТУВАЊАТА НА КОЛОВОЗИТЕ НА УЛИЦИТЕ НА ПОВРШИНА ОД 2000М2.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИНФЕС ГРУП ОД СКОПЈЕ





АСФАЛТИРАЊЕ ВТОР СЛОЈ НА УЛИЦА „8 СЕПТЕМВРИ".
АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА „8 СЕПТЕМВРИ" НА ПОВРШИНА ОД 2500М2 ОТКАКО ПРЕТХОДНО ИСТАТА СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ И ОПФАЌАШЕ ПРОМЕНА НА РАБНИЦИ, ПРОМЕНА НА БЕХАТОН ЕЛЕМЕНТИ НА ТРОТОАР, ВАДЕЊЕ НА СТАР АСФАЛТ И СЕГА ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ИСТАТА ВО ДВА СЛОЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.









ПРОЛЕТНО МУЛЧИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ!
МУЛЧИРАЊЕ НА ПАТОТ ОКОЛУ МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ И КАТУНИШТЕ, ОДНОСНО ЧИСТЕЊЕ НА ВЕГЕТАЦИЈАТА СО ШТО ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРИ БЕЗБЕДНОСТА И ПРЕГЛЕДНОСТА ПРИ СООБРАЌАЈОТ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ОВАА АКЦИЈА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И НА ПАТОТ ДО ГРКОВА ЧЕШМА И НАЗАД ДО ВАТАША
МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

# НАСТАНИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЈА ПОСЕТИЈА МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРСКИ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ШПАНИЈА, ПОРТУГАЛИЈА И ИТАЛИЈА НА НЕВЛАДИНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД КАВАДРЦИ СППМД, КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ "СОЦИЈАЛНО КРОЕЊЕ", КОЈ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ПОДДРЖИ, НО И ДА ИМ ПОМОГНЕ НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ВО НЕПОВОЛНИ СИТУАЦИИ, ПРИ РИЗИК ОД СИРОМАШТИЈА, ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ИЛИ СОЦИЈАЛНО ИСКЧУЧЕНИ, ПРЕКУ СООДВЕТНА ПОДРШКА И ОБУКИ ЗА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ, ОБУКИ ЗА РАБОТА И ПОДРШКА ПРИ НИВНО ВРАБОТУВАЊЕ. ВО РАМКИТЕ НА НИВНИОТ ПРЕСТОЈ ЌЕ ОСТВАРАТ ПОСЕТИ И СРЕДБИ СО ПОВЕЌЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ, СЕ СО ЦЕЛ ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ И ПОДОБРИ СОЦИЈАЛНАТА ВКЛУЧЕНОСТ НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ.





ВО КАВАДАРЦИ БЕА ОДБЕЛЕЖАНИ 81 ГОДИНА ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА НАРОДНИТЕ ХЕРОИ КИРО КРСТЕВ АТАНАСОВ-СТРАШО ОД КАВАДАРЦИ И ДИМЧЕ МИРЧЕВ. ПРЕД СПОМЕНИКОТ ПОДИГНАТ ВО НИВНА ЧЕСТ ВО ПАРКОТ „КИРО КРСТЕВ" БЕШЕ ПОЛОЖЕНО СВЕЖО ЦВЕЌЕ, А ИСТОРИСКИ ЧАС ОДРЖА ИСТОРИЧАР ОД КАВАДАРЕЧКИОТ МУЗЕЈ.





ПОЧИТУВАНИ СОГРАЃАНИ,
ГО ОДБЕЛЕЖУВАМЕ МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА РОМИТЕ – ДЕН ПОСВЕТЕН НА ПРИЗНАНИЕТО, УНАПРЕДУВАЊЕТО И ВРЕДНУВАЊЕТО НА РОМСКАТА КУЛТУРА, ТРАДИЦИЈА И ПРИДОНЕС ВО ОПШТЕСТВОТО.
ИСКРЕНИ ЧЕСТИТКИ НА СИТЕ ПРИПАДНИЦИ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА. НЕКА ОВОЈ ДЕН БИДЕ ПОТСЕТНИК ЗА ВАЖНОСТА НА ЕДНАКВОСТА, ПОЧИТУВАЊЕТО НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ И ГРАДЕЊЕТО НА ЗАЕДНИЧКО, ПРАВЕДНО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ.
ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ СО ПОСВЕТЕНОСТ ДА РАБОТИМЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА СИТЕ ГРАЃАНИ, ОБЕЗБЕДУВАЈЌИ ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО КАВАДАРЦИ.
СРЕЌЕН 8 АПРИЛ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА РОМИТЕ!

# НАСТАНИ

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „СОСТОЈБАТА НА ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС, НУТРИТИВНИОТ СТАТУС И СТАТУСОТ НА СТАПАЛАТА КАЈ ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ“ ДЕНЕС ВО О.О.У „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ“ ВО СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“-СКОПЈЕ, ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ. НА ОКОЛУ 330 УЧЕНИЦИ ОД ВТОРО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ СЕ ВРШИ МЕРЕЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ (ОТКРИВАЊЕ НА ТЕЛЕСНИ ДЕФОРМИТЕТИ).

ВО ПРОЕКТОТ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВКУПНО 1460 УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО СИНОТ СТОЈАНЧЕ И ЌЕРКАТА МИЛА НА МАСКЕНБАЛ СО ЕКОЛОШКА ТЕМАТИКА, ПО ПОВОД МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ





22 АПРИЛ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА!

МАСКЕНБАЛ СО ЕКОЛОШКА ТЕМАТИКА ВО КОЈ УЧЕСТВУВАА ГОЛЕМИТЕ ГРУПИ ОД СИТЕ ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА" И ДЕЛ ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА КОИ ПРЕКУ КРЕАТИВНИ КОСТИМИ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИРОДАТА, ЖИВОТИНСКИОТ И РАСТИТЕЛЕН СВЕТ ИСПРАТИЈА СИЛНА ПОРАКА ЗА ЗАШТИТА НА НАШАТА ПЛАНЕТА!

НАСТАНОТ ИМАШЕ ХУМАНИТАРЕН КАРАКТЕР СО ЦЕЛ СОБИРАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАШИТЕ СОГРАЃАНКИ БЕЛА И ТЕОДОРА.










# НАСТАНИ

НА НАШЕ ЗАДОВОЛСТВО ВТОР ПАТ ВО КАВАДАРЦИ ИМАВМЕ НАСТАН КОЈ Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ 2" КОЈ ЈА ЗАЈАКНУВА ВРАБОТЛИВОСТА НА МЛАДИТЕ ВО 6 РЕГИОНИ ВО ДРЖАВАТА А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ПАРТНЕР ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ. СОС ДЕТСКО СЕЛО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА И ФОНДАЦИЈАТА ХЕРМАН ГМАЈНЕР ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ОВОЈ ПРОЕКТ, КОЈ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЗАЈАКНЕ МЛАДИ ОД РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ И ДА ИМ ГО ОЛЕСНИ ПРИСТАПОТ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ. ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ НА МЛАДИТЕ ЛИЦА ДОСТАПНИ ИМ СЕ БЕСПЛАТНИ ОБУКИ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ И ВРАБОТЛИВОСТ, КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ ОД ЛИЦЕНЦИРАНИ КАРИЕРНИ СОВЕТНИЦИ, ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА, ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ НА КУРСЕВИ, ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА МОЖНОСТИ ЗА ПРАКТИКАНСТВО И ВРАБОТУВАЊЕ.
ЕДНА ОД ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ Е ДА ПРИДОНЕСЕ КОН ПОДОБРЕНИ ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА СОЦИО-ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО СОС ДЕТСКО СЕЛО РАБОТИ И ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА РАБОТИ И ВО ИДНИНА НА КРЕИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА СТРАТЕШКА СОРАБОТКА СО НВО-И ОД КАВАДАРЦИ, СОС ДЕТСКО СЕЛО И БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО НАСОКА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО ЗАМЕНИК МИНИСТЕРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ЃОКО ВЕЛКОВСКИ И НАЦИОНАЛНАТА ДИРЕКТОРКА НА СОС ДЕТСКО СЕЛО, ЈА ОТВОРИЈА КАНЦЕЛАРИЈАТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КОЈА ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР ЗА НАШАТА ОПШТИНА ВО ПОДДРШКАТА НА ЗГРИЖУВАЧКИТЕ СЕМЕЈСТВА. КАВАДАРЦИ Е РАЗВИЕНА ОПШТИНА, СО СТАБИЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И МАЛ ПРОЦЕНТ НЕВРАБОТЕНОСТ. ИМАМЕ РЕСУРСИ И ИНФРАСТРУКТУРА КОИ МОЖАТ ДА ГО ПОДДРЖАТ РАЗВОЈОТ НА СЕКОЈА ВАЖНА ИНИЦИЈАТИВА, А ОВАА КАНЦЕЛАРИЈА Е ЕДНА ОД НИВ. ОВАА КАНЦЕЛАРИЈА ЌЕ БИДЕ МЕСТО ЗА СИТЕ ОНИЕ КОИ САКААТ ДА СЕ ВКЛУЧАТ, ДА НАУЧАТ И ДА ПОМОГНАТ.
ЗАТОА, СО ОВА САКАМЕ ДА ЈА ПОДИГНЕМЕ СВЕСТА И ДА ПОТТИКНЕМЕ УШТЕ ПОГОЛЕМА АКТИВНОСТ ОД НАШИТЕ СОГРАЃАНИ ДА СТАНАТ ЗГРИЖУВАЧИ, ДА СТАНАТ ДЕЛ ОД ОВАА ХУМАНА МИСИЈА.
ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ДА СОЗДАДЕМЕ ОПШТИНА ВО КОЈА СИТЕ ДЕЦА ИМААТ СИГУРЕН ДОМ,ЉУБОВ И ПОДДРШКА.
БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ КОИ СЕ ВКЛУЧУВААТ И ЈА ПОДДРЖУВААТ ОВАА ИНИЦИЈАТИВА.
ЗАЕДНО ЌЕ НАПРАВИМЕ РАЗЛИКА







# ДОНАЦИИ

СЕКТОР ЗА КУЛТУРА И ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОВОЗМОЖИ ДОНАЦИЈА НАМЕНЕТА ЗА МАЛ ГРУПЕН ДОМ КАВАДАРЦИ – ДОМ ЗА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛСКА ГРИЖА. ДОНАЦИЈАТА СЕ СОСТОИ ОД ОСУМ ДУШЕЦИ ЗА СПИЕЊЕ И ЕДЕН ТЕЛЕВИЗОР, СО ЦЕЛ ДА СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ И СЕКОЈДНЕВИЕТО НА ОВИЕ ДЕЦА. СРЕДСТВАТА ЗА ДОНАЦИЈАТА БЕА СОБРАНИ ПРЕКУ НОВОГОДИШНАТА ХУМАНИТАРНА ПРОДАЖБА НА УНИКАТНИ НОВОГОДИШНИ ДЕЛА, ИЗРАБОТЕНИ СО ЉУБОВ И КРЕАТИВНОСТ ОД ДЕЧИЊАТА ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА“ И УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА.

ОВАА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА УШТЕ ЕДНАШ ЈА ПОКАЖУВА СПЛОТЕНОСТА, ГРИЖАТА И СОЛИДАРНОСТА НА НАШАТА ЗАЕДНИЦА, А НАЈМНОГУ – ГОЛЕМОТО СРЦЕ НА НАЈМЛАДИТЕ.







ХУМАНИТАРЕН НАСТАН ЗА БЕЛА И ТЕОДОРА!

ПОЧИТУВАНИ,

ВО ЧЕСТ НА 22 АПРИЛ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА, СО ЦЕЛ ПОДИГНУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ ОРГАНИЗИРАВМЕ НАСТАН КОЈ СЕ ОДРЖА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД.

НАСТАНОТ БЕШЕ НАМЕНЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ/ДЕЦАТА, КОИ ПРЕКУ КРЕАТИВНИ КОСТИМИ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИРОДАТА, ЖИВОТИНСКИОТ И РАСТИТЕЛНИОТ СВЕТ, ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ, ИЛИ ПРЕКУ УПОТРЕБА НА РЕЦИКЛИРАНИ МАТЕРИЈАЛИ, ЌЕ ИСПРАТАТ СИЛНА ПОРАКА ЗА ЗАШТИТА НА НАШАТА ПЛАНЕТА. НАСТАНОТ БЕШЕ ОД ХУМАНИТАРЕН КАРАКТЕР СО ЦЕЛ СОБИРАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НАШИТЕ ДВЕ СОГРАЃАНКИ БЕЛА И ТЕОДОРА. СИТЕ КОИ ШТО ЌЕ САКААТ ЌЕ МОЖАТ ДА ДОНИРААТ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО КУТИИТЕ КОИ ШТО БЕА ПОСТАВЕНИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД.

55 СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ





# ОБРАЗОВАНИЕ

ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ 2025

СО ГОРДОСТ И ЗАДОВОЛСТВО ВИ ГО НАЈАВУВАМЕ НАЈГОЛЕМИОТ НАСТАН ЗА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА.

ОВАА ГОДИНА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ДОМАЌИН НА ЈУБИЛЕЈНОТО ИЗДАНИЕ- 20 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ОВАА УНИКАТНА ОБРАЗОВНА МАНИФЕСТАЦИЈА, ОРГАНИЗИРАНА ОД МЛАДИНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА МАССУМ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОУ „ДОБРИ ДАСКАЛОВ " ЗШУЦ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" И СОУ „ЌИРО СПАНЦОВ -БРКО" И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.




ОБРАЗОВНОТО РАНДЕВУ НЕ Е САМО НАТПРЕВАР- ТОА Е СЦЕНА НА МЛАДЕШКА КРЕАТИВНОСТ, ИНОВАТИВНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАСТ. НА 24 И 25 АПРИЛ ЌЕ БИДЕМЕ ДОМАЌИНИ И СВЕДОЦИ НА ИЗВОНРЕДНИ ПРОЕКТИ, НАТПРЕВАРИ, ТАЛЕНТИ ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ И ИДЕИ ОД МЛАДИТЕ ЛИДЕРИ НА ИДНИНАТА.

ОВОЈ НАСТАН Е МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД НАТПРЕВАР- ТОА Е ДВИЖЕЧКА СИЛА НА ЗНАЕЊЕТО, МОЖНОСТ ЗА ДОКАЖУВАЊЕ, ПРОСТОР ЗА НОВИ ИДЕИ И ПРИЈАТЕЛСТВА ШТО ЌЕ ТРААТ.

НА 24 И 25 АПРИЛ НЕКА ОДЕКНЕ ГЛАСОТ НА МЛАДИНАТА, А КАВАДАРЦИ ЌЕ БИДЕ МЕСТОТО КАДЕ МЛАДИТЕ ЌЕ СОНУВААТ, СОЗДАВААТ И БЛЕСКААТ.

НЕКА ЗАПОЧНЕ РАНДЕВУТО НА ЗНАЕЊЕТО.

КАВАДАРЦИ Е ДОМАЌИН НА ОВА ЈУБИЛЕЈНО, 20- ТО ИЗДАНИЕ НА ОБРАЗОВНОТО РАНДЕВУ- МАНИФЕСТАЦИЈА КОЈА ДВЕ ДЕЦЕНИИ ГО ОБЕДИНУВА НАЈДОБРОТО ОД МЛАДИНСКИОТ ДУХ, ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ И ВИЗИЈАТА ЗА ПОДОБРА ИДНИНА.

КАВАДАРЦИ ОТСЕКОГАШ БИЛ ГРАД КОЈ ВЕРУВА ВО МОЌТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО КОЈ ВЛОЖУВА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО, ИНВЕСТИРА ВО МОДЕРНИ УЧИЛИШТА, НОВА ОПРЕМА И ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ, ПОДДРЖУВА МЛАДИНСКИ ПРОЕКТИ, ИНИЦИЈАТИВИ И ИНОВАЦИИ. СОЗДАВА УСЛОВИ ВО КОИ СЕКОЈ МЛАД ЧОВЕК МОЖЕ ДА СОНУВА И ДА ГО ИСПОЛНИ СВОЈОТ СОН ВО СВОЈАТА ЗАЕДНИЦА- ТУКА, ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ОБРАЗОВНОТО РАНДЕВУ Е ВАША СЦЕНА, НО И НАША ЗАЕДНИЧКА ШАНСА ДА ЈА ПОТВРДИМЕ ВЕРБАТА ДЕКА ОБРАЗОВАНИЕТО НЕ Е ОБВРСКА- ТУКУ МОЖНОСТИ. НЕ Е ТОВАР-ТУКУ МОЌ.БЕВМЕ ДОМАЌИНИ НА ЕДНА МАНИФЕСТАЦИЈА КОЈА НЕ САМО ШТО ТРАЕ ДВА ДЕНА, ТУКУ ОСТАВА ТРАГА ШТО СЕ ПАМЕТИ СО ГОДИНИ.

НЕКА ОВА ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ ВИ БИДЕ ПАТОКАЗ, ПОТТИК И МОТИВАЦИЈА. КАВАДАРЦИ Е СО ВАС- ДЕНЕС, УТРЕ И СЕКОГАШ КОГА ЌЕ ЧЕКОРИТЕ НАПРЕД. СО ИСКРЕНА БЛАГОДАРНОСТ ДО МАССУМ, НАСТАВНИЦИТЕ И СИТЕ КОИ СЕ ВЛОЖИЈА ВО ОВОЈ НАСТАН, ОСОБЕНО УЧЕНИЦИТЕ.







ДОДЕЛЕНИ СЕ НАГРАДИТЕ ЗА ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ 2025 ВО СИТЕ КАТЕГОРИИ. ЧЕСТ НИ БЕШЕ ШТО ОВАА ЈУБИЛЕЈНА МАНИФЕСТАЦИЈА СЕ ОДРЖА ТОКМУ ВО КАВАДАРЦИ, КАДЕ ШТО СЕ ПОКАЖАВМЕ КАКО ОДЛИЧНИ ДОМАЌИНИ.
БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ УЧЕСНИЦИ ,ПОДДРЖУВАЧИ, МЕНТОРИ, НАСТАВНИЦИ, ДИРЕКТОРИ НА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА, СИТЕ КОИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА, А ПОСЕБНА БЛАГОДАРНОСТ ДО МЛАДИНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА СРЕДНИ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА
ЧЕСТИТКИ ДО СИТЕ УЧЕНИЦИ ШТО УЧЕСТВУВАА НА „ОБРАЗОВНОТО РАНДЕВУ" – СИТЕ СТЕ ПОБЕДНИЦИ! ПОБЕДНИЦИ ЗАТОА ШТО СЕ ОСМЕЛИВТЕ ДА УЧЕСТВУВАТЕ, ДА СПОДЕЛИТЕ ЗНАЕЊЕ И ДА РАСТЕТЕ ПРЕКУ ИСКУСТВО. ТОА Е ВИСТИНСКАТА НАГРАДА.
ПРОДОЛЖЕТЕ ДА СОНУВАТЕ, ДА УЧИТЕ И ДА ВЕРУВАТЕ ВО СЕБЕ – ЗАТОА ШТО ТОКМУ ВИЕ СТЕ ДВИГАТЕЛИТЕ НА ИДНИНАТА!







# СПОРТ

ГРАДСКИ СТАДИОН КАВАДАРЦИ – СРЦЕТО НА ТИКВЕШКИОТ ФУДБАЛ!
ГРАДСКИОТ СТАДИОН ПРЕТСТАВУВА СИМБОЛ НА СПОРТСКАТА ТРАДИЦИЈА И ФУДБАЛСКАТА СТРАСТ НА ГРАДОТ. ДОМ НА ФК ТИКВЕШ, ОВОЈ СТАДИОН Е МЕСТО КАДЕ ШТО ГЕНЕРАЦИИ НАВИВАЧИ ЈА СПОДЕЛУВААТ ЉУБОВТА КОН ФУДБАЛОТ. УРЕДЕНА ЗЕЛЕНА ТРЕВНА ПОВРШИНА, КОЈА Е РЕДОВНО ОДРЖУВАНА СО СОВРЕМЕНА МЕХАНИЗАЦИЈА И ЕКСПЕРТСКИ ТРЕТМАН ЗА ДА ОБЕЗБЕДИ ИДЕАЛНИ УСЛОВИ ЗА НАТПРЕВАРИ. ТРИБИНИТЕ ИМААТ ПОСЕБНА ЕНЕРГИЈА – ТИЕ СЕКОГАШ СЕ ПОЛНИ СО ВЕРНИ НАВИВАЧИ КОИ ДАВААТ ПОДДРШКА ОД СРЦЕ. ОДРЖУВАЊЕТО НА ИГРАЛИШТЕТО Е ЕДЕН ОД ПРИОРИТЕТИТЕ НА КЛУБОТ И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА. СО НАВОДНУВАЊЕ, КОСЕЊЕ И РЕДОВНА ПРОВЕРКА НА ПОДЛОГАТА, ТРЕВАТА СЕКОГАШ ИЗГЛЕДА СВЕЖО И ПОДГОТВЕНО ЗА НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ, БЛАГОДАРЕНИЕ НА СЛУЖБИТЕ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА.
ГРАДСКИОТ СТАДИОН НЕ Е САМО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ – ТОА Е МЕСТО КАДЕ ШТО СЕ ИСПИШУВААТ СПОРТСКИ ПРИКАЗНИ, СЕ СЛАВАТ ПОБЕДИ, И СЕ ЧУВА ДУХОТ НА ТИКВЕШ.

ОД СТРАНА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА БЕШЕ ОБЈАВЕНА АНАЛИЗАТА ЗА СУДЕЊЕТО ВО ИЗМИНАТОТО 26. ПМФЛ КОЛО. ОД ОНА ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПРОЧИТА ГОЛЕМ ДЕЛ ОД АРБИТРИТЕ ИМААТ НАПРАВЕНО ГРЕШКИ, А ОСОБЕНО ЈОВАН КАЧЕСКИ, КОЈ ШТО ГО ВОДЕШЕ МЕЧОТ ВО КАВАДАРЦИ, ПОМЕЃУ ТИКВЕШ И ШКЕНДИЈА.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КАКО И СЕКОГАШ, СО ПОДДРШКА ОД ТРИБИНИТЕ ЗА НАШИОТ ГФК ТИКВЕШ 1930 КАВАДАРЦИ/FC TIKVES 1930 KAVADARCI





# ВЕРСКИ ПРАЗНИЦИ

СЛАВИМЕ СВЕТЛОСТ. НАДЕЖ. ЖИВОТ.
СЛАВИМЕ ВОСКРЕСЕНИЕ – ПОБЕДАТА НА ЉУБОВТА НАД СМРТТА, НА ДОБРИНАТА НАД ТЕМНИНАТА.
ОВОЈ ДЕН НЕ Е ОБИЧЕН. ТОЈ Е ПОВИК – ДА ВЕРУВАМЕ, ДА ПРОСТУВАМЕ, ДА САКАМЕ.
ДА СЕ СЕТИМЕ НА СУШТИНАТА… ДЕКА ПО СЕКОЈ КРСТ ДОАЃА ВОСКРЕСЕНИЕ.
ДЕКА И ВО НАЈТЕМНИОТ МИГ, БОГ НИ ЈА ПОДАВА СВЕТЛИНАТА.
НЕКА СЕКОЕ СРЦЕ ДЕНЕС ЗАТРЕПЕРИ.
НЕКА СЕКОЈ ДОМ СЕ ИСПОЛНИ СО МИР, РАДОСТ И БЛАГОСЛОВ.
НЕКА ЉУБОВТА ВОСКРЕСНЕ ВО НАС – ТИВКО, НО ЗАСЕКОГАШ.
ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!
НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ!









## ПРЕПОРАКА ОД ГРУПА АГРОНОМИ ЗА ПРЕВЕНТИВНА ЗАШТИТА НА ВИНОВАТА ЛОЗА ОД ПРОЛЕТНИ МРАЗЕВИ

СПОРЕД ИНФОРМАЦИИТЕ ОД МЕТЕОРОЛОШКИТЕ СТАНИЦИ, СЕ НАЈАВУВААТ НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ ПОД 0°C ВО ДЕНОВИТЕ ПОНЕДЕЛНИК (07.04.2025) И ВТОРНИК (08.04.2025). ПРЕПОРАЧАНО Е ДА СЕ ИЗВРШИ ПРЕВЕНТИВНА ЗАШТИТА ОД ПРОЛЕТНИ МРАЗЕВИ СО ЗАШТИТНО СРЕДСТВО КАЛИУМ СУЛФАТ 0-0-61 ВО ДОЗА 1% НА ХЕКТАР. ЗАШТИТАТА ДА СЕ ИЗВРШИ ВО ДЕНОВИТЕ ПОНЕДЕЛНИК (07.04.2025) И ВТОРНИК (08.04.2025) ВО ПЕРИОД ОД 8:00 ДО 18:00 ЧАСОТ, ОСОБЕНО ВО ПОРАНИТЕ РЕОНИ, РЕОНИТЕ КОИ СЕ ПОДЛОЖНИ НА ПРОЛЕТНИ МРАЗЕВИ КАКО И ДЕПРЕСИВНИ ЛОКАЛИТЕТИ. ВО КАТАСТАРСКИТЕ ОПШТИНИ И ПОЕДИНИ МЕСТА ВО ТИКВЕШИЈАТА КАКО ШТО СЕ: ТРСТЕНИК, РОСОМАН, МАНАСТИРЕЦ, КУРИИТЕ, СОПОТ, МАРЕНА, ТИМЈАНИК, РИДИШТАТА, ГЛАВИТЕ, ЦРНО ПОЛЕ, ДУБРОВСКО, БУТЧЕТО, КАЛДРМА, КРИВОЛАК, ПЕПЕЛИШТЕ, ДРЕНОВО, БРУШАНИ, ВОЗАРЦИ, ВО ФЕНОЛОШКИ РАЗВОЈ НА ОТВАРАЊЕ НА ПАПКИ BBCH 9 (МИШЈИ УШИ, ОТВАРАЊЕ НА ПАПКИ, РАЗВОЕН СТАДИУМ ВРВОВИТЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ЛАСТАРИ СЕ ЈАСНО ВИДЛИВИ) СЕ СЛЕДНИТЕ СОРТИ: СМЕДЕРЕВКА, ШАРДОНЕ, ТЕМЈАНИКА, МЕРЛО.
СЕ ИНФОРМИРААТ СИТЕ ЛОЗАРИ ДА ИЗВРШАТ ТРЕТИРАЊЕ НА ОВИЕ СОРТИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО, НО И НА ОСТАНАТИ СОРТИ КОИ ВО ОДРЕДЕНИ РЕОНИ ГО ПОСТИГНАЛЕ ОВОЈ ФЕНОЛОШКИ РАЗВОЈ.
ДЕЈСТВО НА КАЛИУМ СУЛФАТ ЗА ОВАА НАМЕНА:
КАЛИУМОТ НАВЛЕГУВА ВО ЛИСТОВИТЕ И ЛАСТАРИТЕ И ЈА ЗГОЛЕМУВА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА СОК, А ЈА ИСТИСНУВА ВОДАТА. КАЛИУМОТ Е ДОБАР ЗА ФОЛИЈАРЕН ТРЕТМАН И Е НАЈДОБРА СОЛ ЗА ЗАШТИТА ОД МРАЗЕВИ. ЕФЕКТОТ Е ДА СЕ НАМАЛИ ТОЧКАТА НА МРЗНЕЊЕ КАКО ШТО СЕ КОРИСТИ СОЛТА ЗА ОДМРЗНУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА ЗА ДВИЖЕЊЕ.
ЗА ОВАА ЦЕЛ КОРИСТЕТЕ ИСКЛУЧИВО КАЛИУМ СУЛФАТ ИЛИ КАЛИУМ ХЛОРИД, НЕМОЛТЕ СЛУЧАЈНО ДА КОРИСТЕТЕ КАЛИУМ НИТРАТ ЗАТОА ШТО ЌЕ ЈА ЗГОЛЕМИ МОЖНОСТА ЗА МРЗНЕЊЕ НА ПАПКИТЕ И ЛАСТАРИТЕ.

ЈАВАЕН ПОВИК

СЕ ПОВИКУВААТ ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОИ ШТО ИМААТ ПРЕТРПЕНО МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА – НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ НА ОВОШНИ НАСАДИ, КОЈА ГО ЗАФАТИ ПОДРАЧЈЕТО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА, НА ДЕН 19.03.2025 ГОДИНА И 20.03.2025 ГОДИНА И ИСТАТА ДА ЈА ПРИЈАВАТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА (ГРАЃАНСКИ УСЛУЖЕН ЦЕНТАР) КАВАДАРЦИ.

ПРИЈАВУВАЊЕТО НА ШТЕТИТЕ МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ СЕКОЈ РАБОТЕН ДЕН ПОЧНУВАЈЌИ ОД 01.04.2025 ГОДИНА ДО 18.04.2025 ГОДИНА ВО ПЕРИОДОТ ОД 08:00 ДО 16:00 ВО ГРАЃАНСКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР.

ПОКРАЈ БАРАЊЕТО ПРИЈАВИТЕ ДА БИДАТ ДОПОЛНЕТИ СО ФОТОКОПИЈА ОД ЛИЧНА КАРТА, ТРАНСАКЦИОНА СМЕТКА И ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА ИМОТ (ИМОТЕН ЛИСТ НЕ ПО СТАР ОД 6 МЕСЕЦИ ИЛИ ДОГОВОР ЗА ЗАКУП).

ОБЈАВУВА ЈАВЕН ПОВИК БР. 1/2025

ЗА ПРИБИРАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2025 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА, ОПШТИНСКИ И УЧИЛИШНИ СОЈУЗИ КАКО И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ, ТУРНИРИ И ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ОД ИНТЕРЕС НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ЈАВЕН ПОВИК ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ ЗА 2025 ГОДИНА

ИЗВЕСТУВАЊЕ

ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ АПЕЛИРААТ ДО ГРАЃАНИТЕ КОИ ИМААТ ОСТАВЕНИ ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА, ЗЕМЈОДЕЛСКА КАКО И ПРИКЛУЧНА МЕХАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ ИСТИТЕ ВЕДНАШ ДА ГИ ОТСТРАНАТ.

ИСТО ТАКА СЕ ИНФОРМИРААТ ГРАЃАНИТЕ КОИ ИМААТ НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА НА УЛИЦИ И ТРОТОАРИ ДЕКА ИСТИТЕ ТРЕБА БЛАГОВРЕМЕНО ДА ГИ ОТСТРАНАТ. НЕПРОПИСНО ЗАТЕКНАТИТЕ ВОЗИЛА НА ТРОТОАРИТЕ КАКО И НА КОЛОВОЗОТ ЌЕ БИДАТ ОТСТРАНЕТИ ОД СТРАНА НА ПАЈАК СЛУЖБА И САНКЦИОНИРАНИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ.

Општинско јавно гласило

**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

Дизајн: Петре Здравков

Насловна фотографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**